

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА АКТИВНОСТИ ЗА 2025 ГОДИНА

Еко свест

**Центар за истражување и информирање за животна средина Еко-свест**

# Вовед кон Годишниот извештај за 2025 година

Почитувани,

Изминатата 2025 година ја одбележаа бројни политички и општествени пресврти кои суштински го тестираа интегритетот на граѓанскиот сектор. Сведоци бевме на промени кои директно влијаеа врз стабилноста на многу професионални организации, особено оние посветени на заштитата на човековите права. Загубата на финансиска поддршка за дел од нашите колеги не беше само удар за секторот, туку и за демократскиот капацитет на нашето општество.

Во овој бурен период, Еко-свест успеа да ја задржи својата стабилност. Благодарение на јасно дефинираниот фокус и долгогодишните партнерства со донаторите, продолживме непречено да ги реализираме нашите приоритети. Оваа година беше особено значајна поради новото партнерство со фондацијата Hans Wilsdorf, како и продолжената стратешка поддршка од Владата на Шведска и The Sigrid Rausing Trust. Овие институционални грантови се столбот на нашето делување — тие ни го обезбедуваат неопходното ко-финансирање и ни овозможуваат да ги обединиме ресурсите за постигнување значително поголеми влијанија и видливи резултати.

Сепак, 2025 година не помина без сериозни предизвици. Најголемиот од нив останува ограниченото влијание врз законските процеси. Иако како граѓански сектор нудиме експертиза, едукација и транспарентност, моќта за суштински промени е во рацете на институциите. Повторно се соочивме со апатија, недостиг од отчетност и инертност за прашања кои тапкаат во место со децении. Законот за природа, Законот за води и репрогласувањето на Националниот парк Маврово остануваат заглавени во лавиринтите на бирократијата, и покрај нашите долгогодишни заложби.

Загрижувачки е што институциите стануваат сè поотпорни на јавниот притисок и меѓународните обврски. Но, токму во таква состојба, надежта ја црпиме од локалните заедници. Нивниот глас станува сè погласен и порешителен.

Горди сме на соработката со локалните самоуправи кои се вистински предводници на промените:

- Општина Битола, која погласно од кога било ја води дебатата за праведна енергетска транзиција;
- Куманово и Крива Паланка, како први општини кои презедоа конкретни чекори за ослободување на реките Пчиња и Крива Река од бетонските препреки;
- Општина Демир Капија, која останува непоколеблива во заложбата за заштита на својот природен предел.

Во текот на годината забележавме и значителен пораст на локален еколошки активизам, за спасот на Дошница и Блатешница од изградбата на малите хидроцентрали како и за заштита на селото Љубојно од прекумерната сеча на шумите.

Работата со вакви чинители е потврда дека принципот „од долу-нагоре“, кој со години го промовираме, конечно станува реалност. Локалните власти и граѓаните се сѐ поприсутни во процесите на одлучување, а нивната одлучност ни дава мотив да продолжиме понатаму.

„На крајот на 2025 година, јасно е дека патот до системски промени е подолг и потежок отколку што предвидувавме. Но, јасно е и нешто друго — моќта на здружувањето е посилна од институционалната инертност. Еко-свест останува мостот помеѓу експертизата, активизмот и локалните потреби. Нашата мисија за 2026 година е јасна: да го канализираме растечкиот граѓански отпор во конкретни политики и да не дозволиме природата да биде жртва на политичкиот опортунизам.

Искрено сме благодарни на сите наши донатори кои не поддржаа во 2025 година и овозможија реализација на 24 проекти во текот на годината: **Владата на Шведска, Hans Wilsdorf Foundation, The Sigrid Rausing Trust, Prespa Ohrid Nature Trust, European Climate Foundation, The Nature Conservancy, Euronatur Stiftung, European Commission (носител BOS- Србија), Француската агенција за развој (грант преку Алка), Отворено Општество за Западен Балкан, Germanwatch, University of Manchester, Heinrich Boell Stiftung и Open Rivers Foundation.**

Вистинската промена не започнува во собраниските сали, туку покрај нашите реки, во нашите заштитени подрачја и во срцето на нашите заедници.

На сите донатори, членови, поддржувачи и партнери- Ви благодариме што сте со нас во оваа борба за заедничката иднина.

Ана Чоловиќ Лешоска,

Извршна директорка на Еко-свест

31 декември 2025

# Клучни постигнувања во 2025 година

За прв пат во Македонија е спроведено отстранување на две речни бариери, со што се овозможи отворање на 72 км речен тек. Првата бариера на Крива Река кај Крива Паланка беше успешно отстранета во август 2025 година. Тоа беше прва интервенција од ваков вид во државава. Втората бариера, најголемата забележана во Европа, беше отстранета во последниот квартал од годината. Нашите пионерски резултати беа забележани и високо оценети од партнерите во европската мрежа за отстранување на речни бариери.



Нововоспоставениот Зелен телефон и правната поддршка која континуирано ја обезбедуваме беа сѐ повеќе користени од граѓаните и локалните заедници. Третина од сите пријавени случаи (вкупно 40) се веќе решени во втората половина на 2025 година. Со ова, даваме поддршка на активното граѓанство преку учество, подигање на свеста и ангажман на граѓански организации, граѓани и локални заедници во решавање на конкретни проблеми во животната средина.

Планот за праведна транзиција во Пелагонискиот регион сега вклучува активност на Еко-свест за развој на модел за енергетска заедница на граѓаните на локација на деградирано земјиште во рамки на РЕК Битола во општина Новаци. Ова е во согласност со мерката наведена во Националниот план за енергија и клима (НПЕК) и поврзана со работата на Еко-свест за паметно енергетско планирање со методологија за локации за сончева и ветерна енергија. Охрабрува податокот дека општиот став за енергетската транзиција, формирањето енергетски заедници и преминот кон обновливи извори на енергија е позитивен, што се потврди и со последната анкета на населението во општина Новаци.

# Извештај за активности во 2025 година

## ЕНЕРГЕТИКА

**Во тематската област енергетика**, Еко-свест работеше со партнерите за забрзување на праведната и одржлива трансформација на националниот енергетски систем преку јакнење на заедниците, подобрување на регулативата, промовирање на обновливи извори на енергија и поттикнување на инвестиции во енергетска ефикасност и вклучување на јавноста.

### Постигнати резултати

Еко-свест оствари клучно влијание врз националните енергетски политики преку стручни анализи кои придонесоа кон ревизија на политиките во врска со искористувањето на фосилните горива, истовремено промовирајќи ја енергетската ефикасност и децентрализирано производство на енергија. Преку вклученост во клучните консултативни процеси за значајните законски решенија, организацијата успеа да ја вгради својата методологија за паметно планирање во нацрт Националниот план за енергија и клима и нацрт Законот за обновливи извори на енергија, со што се дава рамката на одржливо користење на земјиштето.

Во рамките на праведната транзиција, локалните иницијативи во Битола беа институционализирани како официјален Форум за праведна транзиција, со што се обезбеди гласот на заедницата да биде во центарот на процесот за затворање на термоцентралите. Иако брзиот ритам на законски измени и потребата за поголема вклученост на младите остануваат предизвик, Еко-свест во 2025 година се етаблираше како незаменлив стратешки партнер кој ги поврзува научните докази, локалните заедници и креативните форми на застапување за забрзана и праведна енергетска транзиција.

*Форуми за праведна транзиција*





**Детален преглед на активности**

Соработувавме со надворешни експерти за да подготвиме две анализи – за идниот Фонд за енергетска ефикасност и за влијанието на планираната гасна инфраструктура врз емисиите. Двата извештаи нудат низа препораки кои Еко-свест ги користи во своите активности за застапување за напуштање на фосилниот гас и инвестиции во енергетска ефикасност. Содржината на овие извештаи беше искористена за изработка на информативни видеа кои беа емитувани на три различни телевизиски канали. Со ваквиот пристап и дистрибуција на резултатите од овие анализи до релеватните чинители, влијаеме врз националните и локалните политики. Општина Куманово, која беше дел од нашата анализа и промоција на успешни приказни, предводи во промоција на мерки за енергетска ефикасност и го напушта субвенционирањето на приклучок кон гасната мрежа. На тој начин станува пример и за другите општини. Резултатите од анализата за гасната инфраструктура јасно покажаа дека повеќе од една гасна централа не е исплатливо. Планот за изградба на енергетски проекти за 2026 година вклучува само еден ваков проект, наместо првично најавуваните 3 гасни централи.

Беше остварена солидна соработка со новоформираното Министерство за енергетика, со редовни консултации за клучната легислатива и консултативните процеси. Еко-свест достави коментари на Стратегијата за минерални суровини и придонесе со коментари на три нацрт-закони за обновлива енергија, геологија и рударство. Првичниот нацрт-закон за обновлива енергија се повикува на методологијата за паметно енергетско планирање развиена од Еко-свест, МАНУ и TNC.

*Студиски посети*



Платформата за застапување за унапредување на законодавството за производители-потрошувачи веќе втора година континуирано се спроведува преку јавна кампања и со

новата веб-страница https://prosumer.mk, каде ги има сите потребни информации за домаќинствата кои сакаат да произведуваат сопствена енергија.

Со овие активности Еко-свест директно делува кон подобрување на законската регулатива во овој домен.

Тркалезните маси на локалната економско-социјална група коорганизирани со општина Битола за праведна транзиција беа препознаени од Министерството како официјален Форум за праведна транзиција. Покрај спроведената кампања за праведна транзиција, нашите напори продолжуваат со поддршка на дискусиите на локалната економско-социјална група за приоритетите за праведна транзиција кои ќе ги поддржат акциите на национално ниво. Како поддршка на овие процеси, објавивме Социо-економска анализа на Пелагонискиот регион. За пошироката јавност, во Битола е промовирана монодрама на Марјан Георгиевски на теми поврзани со енергетската транзиција. За вклучување на младите, во соработка со УКЛО Битола, го организиравме првото младинско граѓанско собрание, на кое учесниците дискутираа за иднината на регионот низ призмата на одржливост и започнување на процесот за креирање на концепт за првиот територијален план за праведна транзиција. Како главен ефект од нашите активности во регионите зависни од јаглен се дискусиите за затворањето на термоцентралите и праведната транзиција во пошироката јавност како единствен правец во кој се движи заедницата.

*Покана за учество на Младинското собрание во Битола*



За унапредување на концептот на просумери во Македонија, „Еко-свест“ организираше тркалезна маса во април 2025 година, Настанот овозможи конструктивна размена на идеи и предлози, каде што присутните претставници од државните институции, енергетскиот сектор, граѓанските организации и други засегнати страни дискутираа за можностите, предизвиците и можни решенија во имплементацијата на локалното и децентрализирано производство на електрична енергија од обновливи извори. Со ваквите напори Еко-свест ја држи темата за децентрализација на енергетскиот сектор високо на агендата на институциите. Додека во минатото на оваа тема немаше доволно дискусии, минатата година значително ѝ се посвети внимание во јавноста.

На регионално ниво, во соработка со други граѓански организации, го објавивме документот за јавни политики [Енергетска транзиција на Западен Балкан], составен преку опсежни консултации со граѓанскиот сектор и користен како основа за регионално застапување.

*Монодрама „Не денес“ во Битола*






Програмата за енергија е реализирана преку проекти финансирани од The European Climate Foundation, The European Commission преку грант спроведен од Belgrade Open School, The Nature Conservancy, The University of Manchester, The Open Society Foundation, The Heinrich Boll Foundation, Germanwatch e.V. и Владата на Шведска (Sida).

## КЛИМА

**Во тематската област клима,** Еко-свест ја заокружи програмата „Граѓанските организации во акција за климатските промени“, фокусирана на подигање на јавната свест, градење капацитети за граѓанските организации и застапување за климатските политики. Со поддршка од Шведска, Еко-свест продолжи да ја спроведува оваа програма во 2025 година, со цел да ја постигне својата стратешка цел:

Да се поттикне системска климатска акција преку унапредување на амбициозни и применливи климатски политики, поддршка на иницијативите за декарбонизација и праведна транзиција и јакнење на граѓанското општество да го катализира јавниот притисок - што ќе резултира со значително намалување на емисиите, зголемена климатска отпорност и усвојување на нови климатски политики до 2028 година.

### Постигнати резултати

Еко-свест успешно го катализираше системското дејствување за климата преку стратешко јакнење на граѓанскиот сектор и директно влијание врз креирањето на амбициозни климатски политики. Клучен стратешки успех е активниот придонес во изработката на нацрт Законот за климатска акција, со што се обезбедува правна основа за долгорочно намалување на емисиите. Еко-свест активно се залагаше за учество на граѓанскиот сектор во националното координативно тело за климатска акција во нацрт законот за климатска акција, а како резултат во последната верзија на нацрт законот во составот на националниот координативен совет за климатска акција се предвидени тројца претставници од здруженијата на граѓани, од кои еден е претставник на младите, на предлог на Коалицијата на клима. Како резултат на заложбите на националната коалиција за клима, нацрт законот за климатска акција подржува заложбите на ЕУ за постигнување климатска неутралност до 2050 година. Над 1 милион граѓани беа допрени со јавните кампањи во доменот на климатска акција во текот на 2025 година.

*Студиска посета на градоначалници во Шведска*






## Детален преглед на активности

Во март делегација од градоначалници и претставници на осум општини од Северна Македонија и Министерството за животна средина и просторно планирање учествуваа на студиска посета во Шведска посветена на климатска акција. Градоначалниците и претставниците од општина Битола, Струмица, Делчево, Гевгелија, Демир Капија, Куманово, Лозово и Пласница, како и претставникот од одделението за соработка со локалната самоуправа при Министерството за животна средина и просторно планирање ги посетија Малме и Лунд со цел да се запознаат со практичните мерки за заштита на животната средина, урбаното планирање и развој и соработката со академската заедница и граѓаните за создавање на одржливи и отпорни градови. Еко-свест организираше и работилница за подобрување на комуницирањето на климатските промени помеѓу сите засегнати страни но и со јавноста, а во насока на зголемување на знаењата и информациите за овие теми кај надлежните институции и граѓанските организации кои работат на темите заради постигнување на зацртаните климатски цели на земјата и подигнување на свеста кај граѓаните.

*Обука за комуникација на климатските промени*




Во Скопје организиравме настан за презентација на методологијата за ПЗН (Пост Законодавен надзор) на законодавството за животната средина и климатските промени во Македонија. Целта на настанот беше да се отвори дискусија за користење на ПЗН како инструмент и водич за успешна имплементација на обврските кои произлегуваат од Законот за животна средина и Законот за климатска акција.

Програмата ја заокруживме со завршен настан во мај, на кој беа презентирани постигнатите резултати пред претставници и соработници од ресорните институции, општините и граѓанските организации. Низ три панел дискусии беа образложени предизвиците и можностите во јакнење на знаењата и иницирање учество во донесувањето политики и закони од значење за климатските промени. Учесниците заклучија дека таму каде што Националната коалиција за клима беше партнер во ко-

креирање на политиките, беа изготвени документи кои ги земаат предвид сите аргументи и сите засегнати страни, а процесите обезбедија транспарентност и учење за сите вклучени страни. Резултатите и стекнатите искуства се веќе вградени во активностите кои Еко-свест продолжува да ги реализира во оваа област.

Во почетната фаза се одвиваа интензивни консултативни процеси. Еко-свест достави коментари по Националниот план за енергија и клима, учествуваше во консултативните процеси за НПЕК (NECP) и неговата СЕА (SEA), како и за Инвентарот на стакленички гасови (GHG). Финалната верзија на НПЕК ја препознава работата на Еко-свест на паметното енергетско планирање и ја пропишува оваа методологија како мерка во планот.

За да ја подигнеме свеста за поврзаноста на климата со урбаниот биодиверзитет, спроведовме вирална кампања на социјалните мрежи за урбаниот биодиверзитет, која беше добро прифатена од јавноста и резултираше со бројни ТВ гостувања. Еко-свест ги анализираше програмите на политичките партии за локалните избори во однос на нивната подготвеност за климатска акција и објави семафор за климатска акција. Изготвивме четири курсеви за климатски промени, бесплатно достапни на нашата едукативна платформа eko.net.mk. Ја завршивме и втората сезона од серијалот за енергија и клима со вкупно 10 видеа преку иновативен формат насловен како „Еко-свест истражува“.

***Кампања За живот на живиот свет***




Еко-свест придонесе во Извештајот во сенка за 2025 година за напредокот на Северна Македонија кон ЕУ, обезбедувајќи ја анализата на потпоглавјето за клима. Резултатите од

извештајот беа промовирани преку јавен настан организиран на 12 декември 2025 година, заеднички со други граѓански организации. Еко-свест сподели мислење за најновиот Извештај за напредокот на ЕУ за 2025 година за Поглавјето 27.

Програмата за клима е реализирана преку проекти финансирани од Владата на Шведска (Sida) и The European Climate Foundation.

## ВОДИ

**Во тематската област заштита на водите**, Еко-свест спроведе низа проекти и активности за да придонесе кон постигнување на стратешката цел: Правна и практична социо-еколошка заштита и реставрација на најмалку три реки во земјата и нивна промоција како „оски“ на локалниот одржлив развој.

### Постигнати резултати

Еко-свест постигна значителен напредок кон стратешката цел преку ослободување на 72 километри речен тек со отстранување бариери на Крива Река и Пчиња, како и преку клучни чекори за правна заштита на Вардар во регионот на Демир Капија. Со развојот на нова методологија за еколошки проток и нејзино доставување до релевантните институции, организацијата ја зајакна техничката основа за долгорочно управување со водите, додека преку континуираното следење на случајот во Бернската конвенција и известувањето кон Советот на Европа обезбеди меѓународна правна интервенција околу заштитата на реките и природата.

*Отстранување на непотреба брана на Пчиња (пред и потоа)*





Паралелно со теренската работа, ја подигнавме јавната свест и ги вклучивме локалните заедници преку иновативни алатки како уметнички изложби, филмски награди и едукативни

програми во училиштата. Овие активности ги промовираа реките како оски на одржлив развој, трансформирајќи ги локалните жители во активни заштитници на водните ресурси.

**Детален преглед на активности**

Во април во Скопје ја организиравме третата меѓународна конференција за заштита на реките во Југоисточна Европа. Конференцијата беше во организација на меѓународната организација The Nature Conservancy и Еко-свест, во рамките на регионалната иницијатива „Заедно за реките“. На конференцијата  присуствуваа над 70 претставници на граѓански организации, локални заедници, институции и академската заедница од целиот регион за да разговараат за клучните прашања за заштита на реките, да разменат различни искуства и да презентираат успешни примери од нивната работа. Конференција послужи како клучна платформа за зајакнување на регионалната коалиција, обезбедување меѓународна поддршка и размена на знаења. Во овој контекст, добивме широка поддршка за иницијативата на Еко-свест за прогласување заштитено подрачје во Демир Капија, кое ќе обезбеди правна заштита на долното течение на Вардар и неговите притоки, како и можности за локален одржлив развој.

*Учесниците на Меѓународната конференција за заштита на реките во Југоисточна Европа*



Во соработка со општина Крива Паланка и Куманово отстранивме две непотребни речни бариери на Крива река и Пчиња, ослободувајќи 72 километри речен тек. Преку ваквата директна физичка реставрација на две реки, односно два речни екосистеми,  обезбедивме услови за непречена миграција на рибите и акватичните видови и природен транспорт на седимент во реките. Со отстранување на бариерите, исто така, ги отстранивме и децениските безбедносни ризици за локалните заедници.

Еко-свест подготви анализа за главните закани по реките во националните паркови Маврово и Шар Планина, како и методологија за мерење на еколошки проток со практична алатка за управување со водните ресурси на реките. Анализата и методологијата беа доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот инспекторат за животна средина и до раководствата на националните паркови, по што спроведовме и практични обуки за нивно понатамошно користење. Воедно, доделивме два гранта на локални организации од Маврово и Шар Планина за учество на локалните заедници во мониторинг на состојбите со реките во овие региони. Методологијата за идентификација на закани во заштитените подрачја беше применета при подготовката на Студијата за валоризација на Демир Капија, како практика која е високо вреднувана од страна на Министерството. Преку воспоставување на научно-базирани алатки за управување со еколошкиот проток и идентификување на заканите по речните екосистеми, како и нивна примена во студијата за Демир Капија, дадовме директен придонес кон подобрување на правната и техничката основа за долгорочна заштита на реките.

Поради ограничениот напредок во спроведувањето на Препораката 211 на Бернската конвенција за случајот со Националниот парк Маврово, Еко-свест поднесе извештаи и го презентираше случајот на 45-тиот состанок на Постојаниот комитет во Стразбур. Како резултат на нашата интервенција, Постојаниот комитет одлучи да спроведе теренска посета на случајот во 2026 година за да се адресира недостигот на напредок. Во меѓувреме, продолжуваме со притисокот врз Министерството за животна средина и Националниот парк Маврово за финализирање на процесот на репрогласување, што би ставило крај на идните хидроенергетски проекти во заштитеното подрачје.

*Еко-свест на состанокот на Постојаниот комитет на Бернската конвенција*




Три години по ред, како и оваа година во август Еко-свест додели награда за најдобар документарен филм со еколошка тема на фестивалот Flip Book. Поради нашето присуство на овој фестивал, категоријата за еколошки филм е востановена како трајна категорија на оваа манифестација од меѓународен карактер, што директно придонесува кон институционализирање на еколошките теми во културниот контекст и обезбедување критична маса и јавна поддршка која е неопходна за промена на општествениот наратив во корист на зачувување на реките.

Музејот на Град Скопје беше домаќин на изложбата на современиот уметник Ѓорѓе Јовановиќ, насловена „Приказни од маргините“. Една од изложените приказни е директно инспирирана од работата на Еко-свест, бидејќи ја раскажува приказната за локална заедница која се бори против изградбата на мала хидроцентрала. Изложбата беше отворена три недели и имаше најмалку 450 посетители. Како резултат на директната посетеност на изложбата, но и интензивната застапеност во медиумите, придонесовме кон подигање на јавната свест за проблемите на реките во земјата и ја поставивме борбата на локалните заедници во центарот на вниманието на урбаната публика. Ја продолживме нашата соработка со основното училиште во Демир Капија и уметничките колективи за да ги поврземе уметноста, едукацијата и заштитата на реките со локалните ученици. Како директен резултат на креативните работилници, учениците сега имаат уметничка инсталација во нивното училиште која се користи за едукативни цели за заштита на реките. Со оваа иницијатива директно инвестираме во идните генерации, градејќи нова генерација активни граѓани кои ќе бидат вистински заштитници на нашите реки.

*Изложба во Музеј на Град Скопје*



Програмата за заштита на води е реализирана преку проекти финансирани од The Prespa Ohrid Nature Trust, The Nature Conservancy, The Open Rivers Programme, EuroNatur Stiftung, Владата на Шведска (Sida) и The Sigrid Rausing Trust.

## ПРИРОДА

**Во тематската област природа**, Еко-свест спроведе низа проекти и активности за да придонесе кон постигнување на стратешката цел:

Поддршка на воспоставувањето на ефикасен механизам за заштита на природата, екосистемите, дивиот свет и нивните живеалишта преку застапување и едукација за најдобрите практики и политики.

### Постигнати резултати

Организацијата го зајакна своето влијание на меѓународно ниво како членка на **IUCN**, каде успешно иницираше и обезбеди усвојување на глобална резолуција за интеграција на **граѓанската наука** во заштитата на биодиверзитетот. На локално ниво преку организирање на меѓународни обуки за студенти, воспоставување волонтерски клубови во Вевчани и користење на креативни алатки како документарни филмови и едукативни поставки, организацијата успешно го поврза еколошкото знаење со практичната заштита на терен.

На национално ниво Еко-свест, поддржана од голем број граѓански организации започна кампања за нов Закон за природата, интензивирајќи го јавното барање за унапредување на правната рамка за заштита на биодиверзитетот и придонесувајќи кон придвижување на процесот во рамки на институциите.

Овие активности директно придонесуваат кон долгорочната отпорност на екосистемите и живеалиштата, позиционирајќи ги локалните заедници, стручната јавност и практичарите како клучен партнер во зачувувањето на природното наследство.

### Детален преглед на активности

Оваа година Еко-свест ја организираше Меѓународната конференција за природата, каде над 90 учесници од широк спектар на национални и меѓународни чинители разменија мислења и заклучија дека е потребен итен напредок во усвојувањето и имплементацијата на легислативата за природата. Новиот Закон за природа треба да пропише забрана за инфраструктурни проекти во заштитени подрачја. Ова беше прв настан од ваков вид и учесниците сметаа дека е многу корисен и навремен. Настанот беше замислен како клучен момент во кампањата „Нов закон за природа“, барајќи усвојување на нов закон за заштита на природата кој целосно ќе ги имплементира препораките од Бернската конвенција. Страницата на кампањата со материјали и видео изјави служи како основа за континуираната кампања, поддржана и од 15 граѓански организации. За пошироката јавност спроведовме кампања за заштита на природата, преку која беа промовирани нашите препораки на Законот за природа, во кои се отсликани ЕУ директивите и реалните потреби за заштита. Дополнително, во рамки на нашите активности за застапување, доставивме и коментари за Стратегијата за зачувување на Балканскиот рис.

*Учесници на Меѓународната конференција за природа во Скопје*




Една година по приклучувањето кон IUCN, нашето присуство на Светскиот конгрес за заштита на IUCN 2025 во Абу Даби го позиционираше Еко-свест како активен партнер од регионот на Источна Европа и Централна Азија, иницирајќи формирање на Работна група за граѓанска наука. Во рамките на оваа работна група, заедно со други членови, предложивме резолуција бр. 126 „Унапредување на граѓанската наука за поддршка и демократизација на заштитата". Резолуцијата беше усвоена, што го задолжува генералниот директор на IUCN и организацијата да ја интегрираат граѓанската наука во својата основна работа. Едукативната работа на Еко-свест која вклучува граѓанска наука дополнително ќе се зголеми со нашето полноправно членство во националната Мрежа за искуствено учење во Северна Македонија, како и со приклучувањето кон мрежата ECSA.

*Учество на Еко-свест на Конгресот на IUCN*



И покрај промената на градоначалникот во Демир Капија, Еко-свест продолжува да соработува за прогласување на регионот Демир Капија за Споменик на природата. Работите околу Студијата за валоризација на подрачјето се речиси завршени, отворајќи го патот за заштита и официјално прогласување што се очекува на почетокот на 2026 година. Дополнително, Еко-свест доби канцелариски простор во Демир Капија од Општина Демир Капија, каде што планираме да организираме јавни настани и едукативни активности со младите.

140 учесници на 30-километарската велосипедска тура која се организира секоја година на планината Јабланица. Еко-свест организираше еднонеделна обука и работилници во природа за 30 млади студенти од три балкански земји, фокусирајќи се на заштита на реките. Младите учесници од Северна Македонија продолжуваат да соработуваат со нашата локална канцеларија во Вевчани како волонтерски клуб.

*Учесници на вело-турата во Спомеников на природа Вевчански извори*



Нов документарен филм, фокусиран на врската меѓу луѓето и природата, беше снимен и промовиран во Вевчани и на Дрим Шорт фестивалот. Еко-свест во Вевчани обезбеди

обука за превенција од шумски пожари и заштита на животната средина. Континуирано ја промовираме Трајната поставка за природа „Патување низ природните богатства на Вевчански Извори“ која нуди едукативни содржини за сите посетители.

Програмата за заштита на природа е реализирана преку проекти финансирани од The Prespa Ohrid Nature Trust, EuroNatur Stiftung, The Nature Conservancy, French Development Agency преку проектот Balkan BOOST, The Hans Wilsdorf Foundation, The Sigrid Rausing Trust и Владата на Шведска (Sida).

## АКТИВНО ГРАЃАНСТВО

**Тематската област активно граѓанство** е хоризонтална област за Еко-свест, бидејќи пристапот до информации, учеството на јавноста и пристапот до правдата ги сметаме за права кои се интегрирани во сите наши тематски области. Стратешката цел за оваа област е:

Да се поттикне активно и информирано граѓанско учество во донесувањето одлуки за животната средина преку јакнење на граѓаните, заедниците и партнерските организации со правна поддршка, иновативни дигитални алатки и образовни ресурси.

### Постигнати резултати

Еко-свест успешно делуваше за поттикнување активно граѓанство преку воспоставување на **специјализиран сектор за правна поддршка**, кој стана клучен столб за заштита на заедниците во случаи како „Живојно“, „Коњари“ и заштитата на реката Дошница. Преку користење на **Зелениот телефон** и правно застапување на голем број локални заедници им беше овозможена поддршка во нивната борба за заштита на природата и природните ресурси. Организацијата одговори на повеќе од 40 пријави од граѓани и го олесни пристапот до правдата и обезбеди доследно почитување на Архуската конвенција во процесите на донесување одлуки за животната средина.

Паралелно со правната поддршка, Еко-свест промовираше иновативни и едукативни форми на граѓански ангажман, како што е настанот **„Еко-трампа“** во Скопје, кој директно вклучи над 250 граѓани во практични решенија за одржливо живеење.

*Првата Еко-трампа во Скопје*



Во Еко-свест се разви правилник за членови/поддржувачи и програма за волонтирање. Во 2025 година ги добивме и првите 8 волонтери кои активно учествуваат во активностите на Еко-свест.

Преку континуирана работа со млади волонтери на теми како компостирање и еколошко образование, организацијата ја зајакна локалната заедница не само како набљудувач, туку како активен и информиран партнер кој поседува алатки и ресурси за да изврши ефективен притисок врз институциите.

Граѓанската наука и користењето на напредни технологии се уште еден пристап преку кој Еко-свест допира до младите. Партнерските организаци од Маврово и Шар Планина активно ја користеа апликацијата Crowdwater за евидентирање на проблеми поврзани со реките во овие подрачја.

**Детален преглед на активности**

Еко-свест го промовираше активното граѓанство преку учество, подигање на свеста и ангажман на граѓански организации, граѓани и локални заедници. Зелениот телефон (071 600 333) и правната поддршка беа сè повеќе користени од граѓаните и локалните заедници. Испратени се над 27 барања за информации, поплаки и писма до релевантни институции поврзани со следните случаи: изградба на мала хидроцентрала на река Дошница, ископување минерални суровини во Коњари, рудник за лигнит во Живојно, прогласување на НП Маврово итн. Во сите случаи Еко-свест бараше заштита на животната средина, подобри стандарди, почитување на Архуската конвенција и националната легислатива и заштита на локалните заедници врз основа на научни податоци. Оваа кординација ја врши новиот сектор за правна поддршка во која се ангажирани двајца правници, а во работата инволвираме надворешни експерти, професори и стручни лица. На крајот на годината, половина од применитe случаи беа успешно решени.

*Работилница за 3Д печатење и рециклирање пластика*



Во Скопје, повеќе од 250 граѓани и млади волонтери беа ангажирани во првиот настан за размена „Еко-трампа“, со цел поддршка на размена на предмети и облека. Повратните информации од граѓаните беа позитивни и учесниците побараа повеќе вакви активности во поголем број и почесто.

Активното граѓанство и граѓанската наука беа во фокусот на работа со млади преку работилници за користење на напредни алатки како и рециклирање на пластика и користење на истата како филамент за 3D принтање. Дополнително, работевме со млади, ги едуциравме како да компостираат и како да креираат супер еко-херои.

Активностите во активно граѓанство се поддржани од The Hans Wilsdorf Foundation, The Sigrid Rausing Trust и Владата на Шведска (Sida).

## ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

Нашата цел во рамки на оваа област, која има интерен карактер е:

Да продолжиме со градење на силна, одржлива и ефективна граѓанска организација, способна да го максимизира своето влијание во долгорочна заштита на животната средина.

### Постигнати резултати

Во текот на 2025 година, Еко-свест успешно ја реализираше својата стратешка цел за градење стабилна и одржлива организација преку сеопфатно зајакнување на внатрешните капацитети и модернизација на работењето. Клучните резултати вклучуваат подигнато ниво на професионалност и технолошка подготвеност преку интензивни обуки и менторски програми, што директно доведе до поголема ефикасност и финансиска независност преку намалување на потребата од надворешни услуги. Со унапредување на ИТ инфраструктурата, воведувањето нови сектори (правна поддршка и комуникации) и отворањето на новата подружница во Демир Капија, организацијата ја прошири својата оперативна моќ и локално влијание. Дополнително, преку финализирање на алатките за управување базирано на резултати и доследното почитување на принципите на транспарентност и отчетност, Еко-свест ја потврди својата способност за ефективно и долгорочно адресирање на еколошките предизвици, истовремено зајакнувајќи ја довербата на јавноста и партнерите.

### Детален преглед на активности

И во текот на 2025 година, Еко-свест продолжува да обезбедува можности за континуиран професионален развој на вработените, менторска поддршка и јакнење на тимот. Дополнително, секој од вработените е поттикнат да учествува на обуки и релевантни настани на национално и меѓународно ниво. Во текот на 2025 година за тимот на Еко-свест беше овозможено професионално менторство и поддршка за градење на тимот, врз база на развиена програма за развој, спроведена од професионален обучувач со експертиза во поддршката на лидери во заштитата на животната средина.

Во текот на 2025 година, беше спроведен циклус од 30 обуки за вештачка интелигенција наменети за сите вработени. Овие сесии овозможија детално запознавање со напредни AI алатки, нивниот потенцијал и конкретната примена во секојдневното работење, со што значително се подигна технолошката подготвеност на тимот.

Паралелно, ИТ инфраструктурата на Еко-свест беше значително унапредена, обезбедувајќи поголема системска независност и безбедност во процесите. Преку зајакнување на внатрешните технички и човечки капацитети, ја намаливме потребата од надворешни соработници, што резултираше со зголемена ефикасност и значителни финансиски заштеди.

За што подобро планирање и следење на напредокот во спроведувањето на програмите, проценка на постигнувањето на зацртаните цели и вградување на научените лекции во идните активности, Еко-свест работеше на развој на политика и соодветни алатки за управување со програмите базирано на резултати. По нивното усогласување и финализирање, овој подобрен начин на работа ќе почне да се применува од 2026 година.

*Групен коучинг за тимот на Еко-свест*




Редовно се разгледуваа и ажурираа одредени политики, со цел да се прилагодат на постоечката национална регулатива, јакнење на прионципите на транспарентност, недискриминација и еднакви можности. Подобрена е организациската структура на организацијата, а со воведувањето на сектор за правна поддршка се зајакна и делот за промоција на активното граѓанство. Тимот е проширен во делот на комуникации, како и во финансиско и административно работење. Оваа година Еко-свест отвори нова подружница во Општина Демир Капија.

Организацијата ги одржа редовните годишни собранија, го објави годишниот извештај за 2024 година и ја заврши годишната ревизија. Сите клучни документи се објавени на веб-страницата на организацијата www.ekosvest.com.mk.

Континуираниот организациски развој на Еко-свест е поддржан од The Government of Sweden (Sida), The Sigrid Rausing Trust и The Hans Wilsdorf Foundation.

## Објавени публикации во 2025 година




[Тим ЕКО – Токсичен шок!]




[Методологија за пост-законодавен надзор на законодавството за животната средина и климата во РС Македонија]




[Бриф за политики: комуницирање на климатските промени со сите засегнати страни во С. Македонија]




[Платформа за застапување за унапредување на законодавството во областа на енергетските заедници и потрошувачи-производители во РС Македонија]




[Анализа на влијанијата врз реките и речните живеалишта во НП Маврово и во НП Шар Планина]




[Концепт за територијален план за праведна транзиција]




[Анализа на социоекономската ситуација во Битолскиот регион за јаглен]




[Резиме на анализата за влијанијата врз реките и речните живеалипта во НП Маврово и во НП Шар ПЛанина]




[Анализа на фондот за енергетска ефикасност во Република Македонија]




[Проценка на емисиите од гасната инфраструктура во С. Македонија]

## Тимот на Еко-свест во 2025 година

Ана Чоловиќ Лешоска, Извршна директорка

Андреа Миноска, Раководител за финансии

Жарко Конески, Програмски раководител

Елена Николовска, Програмски координатор за енергија и клима

Ѓорѓи Митревски, Програмски координатор за води

Дарко Ќитаноски, Програмски координатор за природа

Стојан Лешоски, Програмски координатор за активно граѓанство

Марко Гучески, Правник за животна средина

Милијана Богданоска, Правник за животна средина

Искра Манојлоска, Координатор за комуникации

Елена Тодоровска, Финансиски и административен координатор

Орхидеја Златкова Коцарева, Администратор

Марија Штерјова, Проектен координатор за енергија

Наум Илиески, Локален проектен координатор во Вевчани

## Управен одбор на Еко-свест (2025)

Фиданка Мкграт, претседателка на Еко-свест

Тони Поповски, член на Управниот одбор

Методија Миноски, член на Управниот одбор

Игор Камбовски, член на Управниот одбор

Дејан Зрмановски, член на Управниот одбор

Вања Цинлев, член на Управниот одбор